Врз основа на член 17 од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/92, 12/93, 43/2000 и 66/2007), министерот за внатрешни работи донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАСЦИТЕ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ОДЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕ И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ, ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРОМЕНА НА АДРЕСА НА СТАНОТ НА ГРАЃАНИТЕ, ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА КНИГАТА ЗА ГОСТИ**

Член 1

Во Правилникот за обрасците за пријавување и одјавување на живеалиште и престојувалиште, пријавување на промена на адреса на станот на граѓаните, за евиденција и за образецот на книгата за гости („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/92 и 79/2000) во член 2 зборовите: „вид на картотека и ги содржи картоните за издадени лични карти” се заменуваат со зборовите: „регистарот за издадени лични карти”.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„За примените пријави и одјави на живеалиште се води евиденција во вид на регистар кој ги содржи податоците од образецот број 1 на овој правилник.”

Член 2

Во член 4 по зборот „врши” се додаваат зборовите: „непосредно во надлежната организациона единица на Министерството за внатрешни работи; во електронска форма или по факс”.

Член 3

Постојната картотека на издадени лични карти се користи за водење на евиденцијата на живеалиште и промена на адреса на станот до истек на рокот предвиден за замена на издадените лични карти, согласно Законот за личната карта.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.”

Бр. 131-82254/1
14 декември 2007 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.